**Библиотека**

**СВЕТСКА САТИРА**

Александар Чотриќ
ИЗБРАНИ АФОРИЗМИ

Издавач:
„Макформ“ - Скопје

Приредил и превел:
Васил Толевски

Корица:
Бојан Симовски

Компјутерско-графичка подготовка:
Никола Симовски

Печат:
„Макстен-графика“ - Скопје

**АЛЕКСАНДАР ЧОТРИЌ**

# ИЗБРАНИ АФОРИЗМИ

**Скопје, 2007**

**Со независно Косово**
**ќе бидат задоволни и двете страни.**
**И албанската и американската.**

**Србите се повлекоа во себе.**
**Немаа веќе каде.**

**Србите ќе се вратат на Косово.**
**Штом ќе добијат виза.**

**Во меѓународните односи,**
**Србите некогаш беа лоши момчиња.**
**Сега се добри девојчиња.**

**Опозицијата ја доби подршката од граѓаните и мисли дека тоа е доволно за да ја добие власта.**

**Што ќе ни е претседател на државата**
**кога немаме држава?!**

**Им се суди и на невините.**
**Пред законот сите се еднакви.**

**Народот има скоро си и затоа неговите**
**барања се минимални. Бара само леб.**

**Веќе никого нема да праќаме во Хаг.**
**Доволна казна им е што живеат тука.**

**Живееме како антички богови.**
**Голи и боси сме.**

**Вие би сакале пак да јадете?**
**Не е секој ден Божиќ.**

**Откако сликите на претседателот**
**се закачени на ѕидовите,**
**граѓаните повеќе не плукаат на подот.**

**Народот доживеа катастрофа,**
**ама неговиот национален интерес**
**е заштитен.**

**Уште денес почнете да штрајкувате со**
**глад. Утре веќе може да биде доцна.**

**Народот живее лошо,**
**ама никој нема право да се меша**
**во неговиот приватен живот.**

**Народот има скоро си и затоа неговите**
**барања се минимални. Бара само леб.**

**Човекот е нашето најголемо богатство.**
**Затоа тргуваме со него.**

**Гладот ќе ни биде голем сојузник**
**во ликвидирање на сиромаштијата.**

**Нашиот човек,**
**за да привлече внимание на себе,**
**не треба да штрајкува со глад**
**туку нешто да јаде.**

**Како нема што да барате во оваа земја?**
**Тука изгубивте си.**

**Совршено злосторство е**
**кога против убиецот**
**не смее ништо да се каже.**

**Работам како коњ.**
**А така сум и платен.**

**Станавме дел од Европа.**
**Срам ми е да кажам – кој.**

**Кога слушнаа дека излезот**
**е во работата, сите излегоа.**

**Ме пуштија од затвор,**
**а тоа не го ни забележав.**

**Чашата на стрпливоста се преполни.**
**И стана потоп.**

**Што ќе ни се фабрики за преработка**
**на ѓубре, кога  имаме пензионери?!**

**Морате да ни ја зголемите помошта**
**ако сакате и понатака**
**да бидеме независни.**

**Не дозволивме**
**да ни се случуваат случаи.**
**Кај нас сие во континуитет.**

**Умен човек тоа не може да го каже.**
**Може само да го мисли.**

**Во другите земји може да се каже си**
**што кај нас со закон е дозволено.**

**Некои фунционери многу искрадоа.**
**А другите подоцна се приклучија**
**во приватизацијата.**

**Заради личната сигурност на граѓаните ограничена им е слободата на мислење.**

**Влезе во лошо друштво.**
**Стана член на Владата.**

**Ни минатото**
**не е она што беше некогаш.**

**Диригентот отиде.**
**Остана палката.**

**Добро ме служи сеќавањето.**
**Заборавив си што треба.**

**Фактите ги паметам...**
**Историјата ја пишувам.**

**И нашата историја се повторува.**
**Се враќа на местото на злосторството.**

**Многумина немаат што да јадат,**
**ама затоа сите пијат.**

**Во минатото**
**постигнавме огромни успеси,**
**што нашите историчари ги обврзува**
**на уште поголеми подвизи.**

**Ќе откриеме кој ги изведе**
**бездомниците на улица!**

**Ако барате дијалог,**
**знаеме ние и на друг начин**
**да разговараме.**

**Позади секој успешен човек**
**стои шпион.**

**Србија е нападната од сите страни.**
**Најмногу од внатре.**

**Нема потреба да излегуваме на улица.**
**Тие ќе доаѓаат во нашите станови.**

**Многу грешевме.**
**Приведете ги оние**
**кои ни даваа поддршка.**

**Немам проблеми**
**со членството на партијата.**
**Жена ми мора да ме слуша,**
**а децата не ги интересира политика.**

**Многу е сомнителен.**
**Нема ниту една дамка во минатото.**

**Ме следат откако се разминавме.**

**Го реметеше редот и мирот.**
**Мислеше на јавно место.**

**Кажи ми во која партија си,**
**па ќе ти ја кажам дијагнозата!**

**Подобро е да ве ставиме вон законот**
**отколку да ви судиме по наше.**

**Бидејќи опозициските весник пламна**
**власта мораше да го згасне.**

**Не ве осудивме бадијала.**
**Сигурно нешто згрешивте.**

**Обвинетиот го одолговлекува процесот.**
**Сака по секоја цена да биде сослушан.**

**Тоа е толку голем прекршок**
**што ни со Уставот не е предвиден.**

**Оние кои ја предвидоа сегашнава**
**катастрофа на време беа казнети.**

**Зборувајте слободно!**
**На суд сте поради вистината.**

**Покрај толку спасители,**
**давеникот немаше никакви шанси.**

Не ни треба полиција.
Нејзина задача е да го чува
имотот и личните права на граѓаните.

Даваа силен отпор.
Си додека не ги ослободивме.

Смеењето е здраво, освен,
ако му се смеете на претпоставениот.

Политиката бара жртви.
Најпогодни за тоа се соработниците.

Ние сме одговорни
само за своите постапки.
Сето останато го работевме
во името на народот.

**Јас да кажам нешто против него?!**
**Попрвин сам би се убил.**

**Си беше по законот.**
**Прописно се изрезиливме.**

**Кога ќе се случи несреќа на Косово**
**Владата брзо реагира.**
**Во истиот момент**
**испраќа телеграма за сочувство.**

**Да донесеа и поинаква одлука,**
**и тоа ќе беше волја на народот.**

**Расте куповната моќ на граѓаните.**
**Сега и обичен граѓанин може да купи**
**судија, професор, полицаец...**

**Власта на народот**
**најдобро е чувана од самиот народ.**

**Павлов ефект:**
**Кога ќе видат политичар,**
**граѓаните лачат плунка.**

**Вашите идеи се неприфатливи**
**бидејќи ние веќе ги реализиравме.**

**Младите не излегоа на избори.**
**Затоа што избирачките места**
**беа затворени после полноќ.**

**Кога иницијативите**
**тргнуваат одозгора**
**си оди наудолу.**

**Зошто писателите се мешаат**
**во политика?**
**Ни ние не ги читаме нивните книги.**

**Станавме како еден.**
**А седнавме како нули.**

**Не им се напушта власта.**
**Не сакаат да се спуштат на свое ниво.**

**Мртовецот неоправдано е отсутен,**
**затоа што своето отсуство**
**не го најави однапред.**

**Нашата демократија има длабоки**
**корени. Создадена е уште**
**во робовладетелството.**

**Криминалот скоро да е спречен.**
**Постои уште само на врвот.**

**Рековме не,**
**ама тоа не е нашиот последен збор.**

**Сите Срби живееја во една држава,**
**си додека на водачот**
**не му дојде до таа идеја.**

**Кој не е за нас, тој е против себе.**

**После дискусијата сакаше да се фати**
**за глава, ама веќе беше доцна.**

**Кај нас нема платени убијци.**
**Тие сами земаат колку им треба.**

**Делевме добро и зло.**
**На секој според потребите.**

**Татковината може секогаш да се сака,**
**само треба повод.**

**Го отсекоа здравиот дел од телото**
**за да не го зафати болеста.**

**Сите виновници се затворени.**
**Целата држава е во затвор.**

**Понекогаш мислите летаат,**
**без да излезат од главата.**

**Тие застанаа.**
**Ние сме продолжувачи на тие традиции.**

**Опозицијата е таа која се однесува недемократски.**
**Не сака да причека да завршиме.**

**Нашето општество е најхумано.**
**Не дозволува поединецот**
**долго да се мачи.**

**Ќе ме примат и мене**
**во партијата на власт,**
**па ќе бидам и јас убав и паметен.**

**Оние од горе најтешко ни паѓаат.**

**Во Србија владееше темница.**
**Народот дури сега виде**
**за кого гласаше.**

**Верувам во Господ.**
**Така е најдобро за двајцата.**

**За оваа земја направи повеќе**
**отколку сите непријатели заедно.**

**Народот замолче.**
**Тоа што се слуша, доаѓа од стомакот.**

**Народот тргна по нив.**
**Едвам побегнаа.**

**Фараоните зад себе оставија пирамиди.**
**Ама секаде наоколу е пустина.**

**Нему Сталин не би му ја симнал главата,**
**туку капата.**

**Вие ме избравте!**
**Не сум одговорен**
**за постапките на другите.**

**Правдата е задоволена.**
**Виновникот е казна за нас.**

**Прва Божја заповед:**
**Не верувај никому!**

**Им се восхитувам на Турците.**
**Требаше со нас да се издржи**
**полни пет века.**

**Пренесете им на новинарите**
**дека ние**
**поинаку ја замислуваме стварноста.**

**Далеку ќе ме однесе**
**набројувањето на сите негови заслуги.**

**Полицијата во стапка ги следи**
**криминалците,**
**а некои дури и ги престигна.**

**Пак ќе гласаме за вас.**
**Ако до изборите не умреме од глад.**

**Граѓаните не се обесправени.**
**Им ги прочитавме нивните права.**

**Успешниот мемоарист**
**може да се сети на си што сака.**

**Тој е како леб. Никаде го нема.**

**Кај нас камелеоните**
**ја менуваат бојата**
**во склад со најголемиот.**

**Тој е успешен бизнисмен.**
**Се уште е жив.**

**Наш непријател не може да биде секој.**
**Веројатно и ние за нешто се**
**прашуваме.**

**Тоа што го правиме само ние,**
**на секој може да му се случи.**

**Имаме лажни пријатели,**
**ама барем непријателите ни се оние**
**вистинските.**

**Непријателот не ни е дораснат.**
**Го скративме за глава.**

**Србите се небесен народ.**
**Останаа без земја.**

**Непријателот**
**го препознава непогрешливо.**
**Доволно му е да го види на улица.**

**Имам големи амбиции.**
**Да појадувам, ручам и вечерам.**

**Нам не ни одговара**
**промена на ситуацијата.**
**Најсилни сме**
**кога ни е најтешко.**

**Кога Србинот го сака Србинот,
тоа сериозно ги загрозува
останатите народи.**

**Ќе го решиме прашањето со
шиптарското национално малцинство.
Наскоро Шиптарите
ќе станат мнозинство.**

**Од љубов не се живее.
Затоа мора многу да се мрази.**

**Србија не учествуваше во оваа војна,
ама во оваа ги изгуби сите претходни.**

**Мене и мојот комшија само смртта
може да не раздели. Затоа и го убив.**

**Воените злосторства не застаруваат.**
**Се прават и после војната.**

**Значително поголем број паднаа**
**за она што го немаме денес.**

**Ние нашата територија**
**секогаш ќе ја намалуваме,**
**ама на неа нема да се војува.**

**А кога Господ го создаде човекот,**
**тогаш крена раце**
**од понатамошно создавање.**

**Историјата е релативна.**
**Често не одговара**
**на официјалните ставови.**

**Во почетокот беше темница.**
**А денот по утрото се познава.**

**Кој ќе преживее, ќе раскажува.**
**Ако има кому.**

**Нивна единствена човечка особина е**
**што грешат.**

**Зборувавте критички мислејќи на него.**
**Тогаш очигледно не мислевте на себе.**

**Бидејќи е сам во таа област,**
**тој е еден од најдобрите.**

**Трнот во окото на мојот брат**
**ми ги боцка очите.**

**Ги повикувам избирачите**
**да се свртат кон иднината,**
**и да го заборават моето минато.**

**Писателот, по објавувањето**
**на инкриминираната книга,**
**ќе може бесплатно да живее**
**барем неколку години.**

**Не може да се живее од пишување.**
**Освен ако напишаното се праќа редовно**
**Онаму Каде што Треба.**

**Би го изнел своето мислење,**
**ама не знам што се бара од мене.**

**Се правам луд**
**за да не бидам забележителен.**

**Толку сработија во претходниот период,**
**што ги заболеа јазиците.**

**Открив топла вода.**
**После три години**
**поминати во новиот станот.**

**Немилите сцени**
**повеќе нема да се повторат.**
**Изведена е само премиерата.**

**Ако веќе зборувате во мое име,**
**би сакал да останам анонимен.**

**Ја храниме половина Европа.**
**За нив нашите глупости**
**се душевна храна.**

**Сатиричарот во служба на власта
само себе си се прави смешен.**

**Да ни беше тогаш оваа памет,
ќе не направеа луди.**

**Се бараат морални личности.
Подобро е самите да се јават.**

**Власта најмногу направи
на полето на криминалот.**

**Тука тешко се живее.
Ама за среќа, се живее си пократко.**

**Народот владее,
а и надлежните му помагаат во тоа.**

**Никој нема**
**да ни ја утврдува дијагнозата.**
**Подобро да се спречи,**
**отколку да се лечи.**

**Имаат голем апетит.**
**Сакаат секој ден да јадат.**

**Нашата историја**
**нема ништо заедничко со минатото.**

**И нашата историја се повторува.**
**Секој пат е поинаква.**

**Повторувањето на историјата**
**на нашите простори**
**е реконструкција на злосторството.**

**Владата оштро се бори со криминалот.**
**Не избира зборови.**

**Најдолго може да се оди**
**по пат кој не води никаде.**

**Нашите претходници**
**направија бројни пропусти,**
**ама ние со големо ангажирање**
**ги надминавме.**

**Секогаш се враќаме на своите почетоци.**
**Си што имаме, го создадовме од ништо.**

**Никој ништо не ни може.**
**Дури ни оние**
**што сакаат да ни помогнат.**

**Никој не ги издаде**
**националните интереси.**
**Такво нешто кај нас не постои.**

**Народот и треба јавно да се жали.**
**Ние сме демократска земја.**

**Народот по извесно време**
**се помирува со секоја своја одлука.**

**Или ние не пропаѓаме,**
**или не постои дно.**

**Власта се грижи за доброто**
**расположение на народот.**
**Го засмејува со своите**
**предизборни ветувања.**

**Двајца Срби, три партии,**
**четири држави.**

**Да останевме под Турците,**
**сега ќе бевме дел од Европа.**

**Ние уште во средниот век**
**бевме дел од Европа.**
**И од тогаш кај нас ништо не се измени.**

**Бевме на чекор до спасот,**
**а тогаш браќата ни дојдоа на помош.**

**Кај нас лудаците**
**ништо не си замислуваат.**
**Тие навистина се претседатели,**
**министри, генерали...**

**Создадовме Голема Србија.**
**Сега Србите живеат во цел свет.**

**Најтешко е да се биде Србин во Србија,**
**затоа што треба да се живее со Србите.**

**Светот мисли дека не знаеме**
**што е тоа демократија.**
**А тоа, всушност, е точно.**

**Ме фати потрошувачка треска.**
**Уште се тресам од цените.**

**Во земјата нема што да се јаде,**
**а тие би сакале таквата состојба**
**да ја искористат**
**за рушење на Владата.**

**Кај нас нема национализам.**
**Во прашање се само поединци**
**кои ги фати масовна хистерија.**

**Совеста ми е потполно мирна.**
**И нашите непријатели**
**правеа злосторства.**

**Долго време се занимавам со криминал.**
**Ама никако да влезам во власта.**

**И ние ќе бидеме**
**за демократски решенија.**
**Штом ќе станеме мнозинство.**

**На нашето избирачко тело**
**му недостасува глава.**

**Разлика постои.**
**Калигула ги именуваше сенаторите,**
**а сегашниве се избрани.**

**Народот до вчера**
**не знаеше кој го води,**
**а веќе денес сака да го смени.**

**Барањата на штрајкувачите**
**се нереално големи. Бараат плата.**

**Денес Турција е поразвиена од Србија.**
**Прашање е кој кого го кочеше пет века.**

**Си повеќе сфаќаме дека улицата е**
**единствено решение.**
**Ни остана само да питачиме.**

**Народот нема што да бара на улица.**
**Контејнерите се потполно испразнети.**

**Ние ќе ве водиме.**
**Доволно е само да замижите.**

**Нашиот врв е во подземјето.**

**Кај нас ниту лебот ниту млекото**
**не се стока за широка потрошувачка.**

**Секаде во светот политичарите**
**се занимаваат со криминал.**
**Само кај нас криминалците**
**се занимаваат со политика.**

**Си ни зедоа, ама ние ги имаме нив.**

**Ова е најдемократската земја на светот.**
**Само тука може на секој чекор**
**да слушнете дека криминалци**
**се на чело на државата.**

**Власта се бори против илегалните**
**криминални организации.**
**Тие се за јавност во работата.**

**Точно е дека не стигна Албанија.**
**Ама затоа ја престигнавме Етиопија.**

**Ви обезбедивме**
**уставно право на работа.**
**Не барате белким и работа од нас!?**

**Знаеја зошто гинеа,**
**ама тајната ја однесоа во гроб.**

**Да не ни водеше никаде нашиот пат,**
**како што зборуваат**
**нашите непријатели,**
**сега не ќе се враќавме.**

**Ни ветија дека ќе не водат до крај.**
**Само не знаевме**
**дека крајот ќе дојде така брзо.**

**Нашата Влада не може да падне.**
**Се наоѓа во подземјето.**

**Режимот треба да се удира онаму каде**
**што е најслаб. Во главата!**

**Гледавме како крадат.**
**А сега мора да платиме и за гледањето.**

**Нашите достигнувања се толку големи**
**што повеќе не можат да се сокријат.**

**Точно е дека има многу невработени.**
**Ама, тоа е затоа што кај нас**
**не може секој да работи што сака.**

**Ако не сакате да работите на работа,**
**ги има уште илјадници**
**кои со нетрпение го чекаат тоа.**

**Тие знаат дека ништо не знаат.**
**Ама тоа не е причина**
**да ги сметате за филозофи.**

**Одговорете на поставените прашања!**
**Немојте после да тврдите**
**дека не е можен дијалог со власта!**

**Како можеме да разговараме со вас,**
**кога го застапувате своето мислење?**

**Би им се тргнале од патот,**
**ама не знаеме каде одат.**

**Кој тврди дека му е лошо,**
**ќе му биде уште полошо.**

**Народот има корист**
**од српскиот Парламент.**
**Смеењето е добро за здравјето.**

**Оние што умираат од глад**
**се однесуваат крајно непатриотски.**
**Го доведуваат во прашање**
**опстанокот на нацијата.**

**Спомениците покрај патот опоменуваат**
**дека скршнувањето е опасно.**

**Бидејќи граѓаните немаат пари,**
**надлежните се потрудија**
**да нема ниту стока.**

**Спремни сме во борбата**
**против сатанската идеологија**
**да се здружиме и со црниот ѓавол.**

**Денот ми завршува со читање весници.**
**Кога ќе ги земам в рака,**
**ми паѓа темница на очите.**

**Гледам од што се живее.**
**Секој ден поминувам**
**покрај продавница.**

**Од платата може да се живее.**
**Знам неколку луѓе**
**кои тоа го практикуваат.**

**Што пониско паѓаме,**
**си подобро гледаме.**

**Долго пропаѓаме,**
**ама никако да удриме во земјата.**
**Земјата пропаѓа побргу.**

**Заклучија дека со приказна**
**нема ништо да се промени.**
**Затоа наредија да се молчи.**

**Вие не морате да бидете радосни.**
**Ќе седите во последните редови.**

**После раскинувањето со Сталин**
**ги симнавме портретите,**
**ама остана рамката.**

**Не е точно дека нашиот водач**
**излезе од под шинелот на Сталин.**
**Остана во него.**

**Со години талкавме се додека тој**
**не ни поведе во сигурен пат во пропаст.**

**Претседателот е највисока положба.**
**Си фрли под нозете.**

**Ви гарантираме апсолутна дискреција.**
**Никој нема да дознае**
**дека ние ве ликвидиравме.**

**Можностите на полтронот**
**се фантастични.**
**Се случува владетелот**
**во себе да открие поет.**

**Тука последниот не ќе може**
**да го изгасне светлото.**
**Затоа што првиот веќе го направи тоа.**

**Делувавме превентивно.**
**И здравите ги пративме на лекување.**

**Информативните разговори се корисни.**
**Ќе дознаете многу податоци за себе.**

**Телевизиските гледачи се**
**незаштитени сведоци.**

**Безбедноста на граѓаните**
**не е на задоволително ниво.**
**Сеуште има повеќе граѓани**
**од полицајци.**

**Престанав да зборувам за криминалот.**
**Сега со него се занимавам**
**за да не ме апсат.**

**Повеќе средства се одвојуваат**
**за полицијата отколку за науката.**
**Ама мора да се признае**
**дека полицијата и знае повеќе.**

**Од новинарите се бара**
**да бидат објективни.**
**Верно да го пренесат**
**она што ќе им се нареди.**

**Народот толку ја сака својата полиција,**
**што солзи на очи му одат**
**штом ќе ја здогледа.**

**Полицијата не им може ништо**
**на криминалците. На иста страна се.**

**Постои начин народот на власта да и**
**го соопшти своето мислење.**
**Токму затоа и постојан кодошите.**

**Задача на полицијата е да дознае**
**зошто народот молчи.**

**Соседот ги расипува**
**добрососедските односи.**
**Сеуште не му цркна козата.**

**Слободоумните луѓе се ретки.**
**Затоа се така добро чувани.**

**Ја немам јас таа среќа**
**полицијата да влезе**
**во мојот приватен стан.**

**Што сакате повеќе?**
**Ви дадовме слобода на зборување**
**и уште плаќаме луѓе за да ве слушаат.**

**Не е точно дека апсат по списоци.**
**Одат по ред.**

**Обвинетиот е стрелан.**
**За да не го попречува водењето**
**на понатамошната постапка.**

**Имаме правна држава.**
**Кај нас важат законите на џунглата.**

**Нашите полицајци**
**немаат слободно време.**
**Претпладне се борат**
**против криминалот,**
**а попладне се занимаваат со него.**

**Кој тврди дека во Србија**
**нема демократија,**
**тој не знае што е тортура.**

**Невините веднаш ги стрелаат**
**затоа што нивната вина**
**тешко се докажува.**

**Судијата не е педер. Ни ја еба мајката.**

**Ќе мораме и судовите**
**да ги изведеме пред суд.**

**Осуден е на максимална казна.**
**За тоа време**
**може да се утврди секаква вина.**

**Ако признаете си,**
**ќе знаете зошто сте уапсени.**

**Слободата на мислење**
**е гарантирана со Устав.**
**Зарем тоа не е доволно?**

**Имаме лажни пријатели,**
**ама барем непријателите**
**се оние вистинските.**

**Последна желба на осудениот**
**беше да биде сослушан.**

**Му се суди за кривично дело во обид.**
**Ја отвори устата.**

**Сведоците се крајно објективни.**
**Никогаш порано**
**не го видоа обвинетиот.**

**Колку нестручно го водеа процесот,**
**се гледа од фактот што на Јозеф К.**
**ни презимето не му го утврдија.**

**Србија може да ја храни цела Европа,**
**ама она што ние го произведуваме**
**не е за храна.**

**Во недостаток на прецизни упатства,**
**судијата се држеше до законот.**

**Никој не знае како ни е.**
**Тоа е заслуга на цензурата.**

**Нашите непријатели полека пропаѓаат.**
**Ние сме во значителна предност.**

**До сега само плановите**
**на непријателите ги натфрлувавме.**

**Со непријателот нема разговор.**
**Тоа досега сто пати му го кажавме.**

**Непријателот не ни е дораснат,**
**иако се однесува крајно злосторнички.**

**Првиот чекор е најтежок.**
**Другото е летање.**

**За криза не може да се рече ниту збор.**
**Воведоа строга цензура.**

**Не располагаме со факти,**
**затоа што сме правилно информирани.**

**Се наоѓаме во медиумска блокада.**
**Не знаеме што работиме.**

**Ако власта успеа да го згасне тој весник,**
**значи не бил независен.**

**Откако внимавам што зборувам,**
**работам што сакам.**

**Да не потфрли пропагандата,**
**и денес би живееле добро.**

**На почетокот беше збор.**
**На крајот останавме без збор.**

**Не е точно дека си стои.**
**Не мрдаат од памет.**

**Земјата настана од хаос.**
**А ние сме се уште во фаза на развој.**

**Го држам јазикот за заби.**
**Тоа е начин да ги зачувам забите.**

**Ќе бидеме на коњ.**
**Кога ќе се ослободиме од магарињата.**

**Ништо од паролата:**
**Сите Срби во една држава.**
**Нема да можеме да се сместиме**
**во така мала држава.**

**Каков е тоа големосрбин!**
**Тој целиот свет го смета**
**за своја татковина.**

**Треба, велат, да се промени системот.**
**А зарем тука има некаков систем?!**

**Во светот крадците се по затворите.**
**Кај нас се по партиите.**

**Состојбата на теренот е добра,**
**ама не загрижува резултатот.**

**Некогаш: Србија помеѓу сливите.**
**Сега: Сите Срби под една слива.**

**Не се симнува**
**од страниците на весниците.**
**Гази по нив.**

**Сега е најважно да се спречат**
**внатрешните поделби.**
**Имено, забележано е дека некои**
**сакаат да се спасат.**

**Нас ништо не смее да не забави.**
**Затоа и не го отвораме подобранот.**

**Татковината е во опасност.**
**Од спасителите.**

**Србите се делат на оние кои живеат**
**и на оние кои се вон земјата.**

**Си се обидовме за да не потонеме.**
**Освен да пливаме.**

**Едната половина на населението**
**е во смртна опасност. За среќа,**
**другата половина е во животна.**

**Никој ништо не знае.**
**Тоа е нашето тајно оружје.**

**Нашите работници**
**стапија во генерален штрајк.**
**Ама тоа ни малку не се одрази**
**на производството во нашата земја.**

**Ние сме најслободен народ.**
**Со толку невработени**
**имаме најмногу слободно време.**

**Единствено гордоста**
**не можеа да ни ја земат.**
**Горди сме што загубивме си.**

**Не создадовме Голема Србија.**
**Избравме помало зло.**

**Народот ништо не гледа.**
**Си ја гледа својата работа.**

**Со оглед на тоа кој си ни помагаше,**
**повеќе ни Господ Бог**
**не може да ни помогне.**

**Го разбива националното единство.**
**Мисли со својата глава.**

**Србите не се плашат да се караат.**
**Сега недоразбирањата ги решаваат**
**со егзекуција.**

**Како да не бидеме горди**
**на своето минато**
**кога секој нареден ден ни е си полош?!**

**На народот не му допира до свеста**
**дека живее во беда,**
**затоа што не може да купи ни весник.**

**Дури кога веќе немавме што да видиме,**
**ни пукна пред очите.**

**Не престигна и Албанија.**
**Кој брза, вратот да си го скрши!**

**Народот не знае што сака.**
**А неговата желба за нас е заповед.**

**Ја користиме и главата.**
**Постојано одиме со глава низ ѕид.**

**Можеме ние и побргу.**
**Ама попуштаат кочниците.**

**Србите се најхрабар народ.**
**Тие немаат што да изгубат.**

**Би дал крв за мојата татковина,**
**ама не ја прима мојата група.**

**И ние коњ за сенатор имаме!**

**Зошто светот се меша**
**во нашите внатрешни прашања**
**кога дури и ние не ги решаваме?**

**Штом ги слушнав воените тапани,**
**знаев дека си ќе оди на барабан.**

**Не доаѓа во предвид**
**продавање на земјата.**
**Си додека не се договориме за цената.**

**Кај нас никој не може да го одвои**
**раководството од народот.**
**Особено кога народот**
**ќе ги зграпчи раководителите.**

**Секогаш доживуваме порази,**
**затоа што не можеме секогаш**
**да победуваме.**

**Победата е наша.**
**Си друго му припадна на противникот.**

**Се спогодуваме со раце,**
**а во случај на големи недоразбирања**
**ги користиме и нозете.**

**Решително не го даваме она што е наше.**
**Ама може да се спогодиме околу тоа**
**што е наше.**

**Швеѓаните двесте години**
**немаат војувано.**
**Кога би знаеле што си пропуштија.**

**Во Србија нема доволно граѓани**
**за постојниот број на партии.**

**Живееме фантастично.**
**Опкружени сме со измислици.**

**Ние не лажеме.**
**Ние само ви ја соопштуваме вистината.**

**Кој не ги фризира информациите,**
**ќе биде ошишан.**

**Не е вистина дека секогаш лажат.**
**Понекогаш ја премолчуваат вистината.**

**Се служи со неубави средства.**
**Ја разубавува стварноста.**

**Кога не внимавам што зборувам,**
**внимателно ме слушаат.**

**Жртвите да не бидат залудни,**
**ние и не ги признаваме.**

**Војската и полицијата**
**не се повлекоа од Косово**
**туку напредуваат кон Војводина.**

**Не само да ги удривме темелите**
**на демократијата**
**туку и подигнавме и ѕидови.**

**Не е добро да бидат повеќе кандидати.**
**Затоа што Србите**
**секогаш го избираат најлошиот.**

**Кога ќе дојдат избори,**
**тогаш не се избираат зборови.**

**Народот ретко греши.**
**Еднаш во четири години.**

**Се движеше**
**во интелектуалните кругови.**
**Во дворот на затворот.**

**Во Србија не е лесно**
**да се биде опозиционер.**
**Тешко е да се дојде на власт.**

**Нашата Влада нема да ги повторува**
**грешките на старата Влада.**
**Таа ќе биде оригинална.**

**Србија доби Влада**
**на националниот спас.**
**Спасувај се кој може!**

**Кај нас секој може да се збогати.**
**Затоа што секој може да биде министер.**

**Се молиме на Господ**
**за оние кои се на власт.**
**Господ да им даде памет.**

**Не е точно**
**дека сите во Владата се прават луди.**
**Некои се природно надарени.**

**Во нашата земја го снема средниот слој.**
**Подземјето се стопи со врвот.**

**Им дадовме на граѓаните**
**цврста потпора.**
**Ги доведовме до питачки стап.**

**Бараме само да ни верувате,**
**а ние ќе лажеме како најдобро умееме.**

**Ситиот на гладниот не му верува.**
**Проблем е што гладните**
**се им веруваат на ситите.**

**Од ветените милијарди**
**ги видовме само нулите.**

**Сите проблеми мора да се решат**
**со политички средства:**
**убиства, прогони, мачења...**

**Заради оние на високи положби**
**ние сме во безизлезна положба.**

**Народот не гледа**
**што донесе државната политика**
**затоа што нема што да види.**

**После нив потоп.**
**Народот ќе ги испоплука.**

**Нашите политичари**
**се држат до поговорката:**
**„Зборувај српски, ни Србите за да не**
**те разберат“.**

**Памет во глава!**
**Слушај го поглупавиот од себе.**

**Народот ги слуша.**
**Затоа што не може со очи да ги гледа.**

**Не ги изнесуваме валканите алишта**
**затоа што останавме без гаќи.**

**Луѓето кои се менуваат преку ноќ**
**најмногу ја сакаат темницата.**

**На народот му е тешко,**
**ама режимот се труди да ги олесни.**

**Имаме чесна власт.**
**Членовите на Владата не кријат**
**дека се криминалци.**

**Најлошото помина. А и ние со него.**

**Ако чесно се одработи работата,**
**може и кај нас добро да се заработи.**
**Професионалните убијци**
**го потврдуваат тоа.**

**Главата е нивна главна потпора.**
**Затоа и ги поставивме на глава.**

**Кај нас добро се живее.**
**Од многумина можете да слушнете:**
**Добро е, жив сум!**

**Радосна вест: Народот нема**
**уште долго да живее без храна.**

**Храна има доволно.**
**Ама постои вишок на население.**

**Србите се народ со долго паметење.**
**Се сеќаваат и кога последен пат јадеа.**

**Државата не дозволува**
**да работи кој што сака.**
**Затоа и постои организиран криминал.**

**Владата соопшти дека сите вработени**
**уредно и на време**
**ќе си ги добијат своите пензии.**

**Тоа е палаво дете.**
**Постојано бара да јаде.**

**Изнесуваше тешки невистини**
**за претседателот.**
**Тврдеше дека е чесен**
**и одговорен човек.**

**Јадам три пати на ден.**
**Секој трет ден.**

**Ние имаме монархија.**
**Кај нас царуваат**
**сиромаштијата и криминалот.**

**Парите постојат за да се трошат.**
**Затоа и ги нема**
**вашите штедни влогови во банките.**

**Стопанскиот гигант**
**е на прагот на оздравување.**
**Само уште да најдеме добар спонзор.**

**Се зголеми штедењето.**
**Народот не купува дури ни храна.**

**Родителите ги учат децата**
**како правилно да го користат**
**приборот за јадење.**
**За сега обуката е само теоретска.**

**Онаму каде што резултатите се послаби**
**новинарите мора повеќе**
**да се ангажираат.**

**Дадов половина плата**
**за да ги платам сметките.**
**И ништо не ми остана.**

**Цел ден ме сослушуваа.**
**Сега ништо не слушам.**

**Имаме страв од височина.**
**Се плашиме од оние одозгора.**

**Ќе оствариме значителни заштеди**
**во правосудството.**
**Едно лице ќе биде и обвинител**
**и судија и инспектор.**

**Хуманитарната помош**
**се дели рамноправно.**
**И кому му треба и кому не му треба.**

**Да знаев што си ќе се зборува за мене,**
**никогаш немаше да се занимавам**
**со незаконски работи.**

**На сите најави дека ќе нема греење,**
**ние останавме мртви ладни.**

**На испитувањето ме тепаа.**
**Тоа беше работен договор.**

**Полицијата не ги апси невините луѓе.**
**Секој, порано или подоцна,**
**ќе ја признае својата вина.**

**Никој не е уапсен без причина.**
**Секој кој е уапсен ќе мора и да одлежи.**

**Не дозволуваме собирање на народот**
**затоа што сега е најпотребно**
**единство на нацијата.**

**Полицијата претресе**
**стотина демонстранти,**
**и не пронајде ниту стотина денари.**

**Обвинението е подигнато.**
**Гилотината може да се спушти.**

**Полициското испитување**
**траеше до разденување.**
**Затоа што денот е помудар од ноќта.**

**Нашите судии**
**се објективни и непристрасни.**
**Пресудите ги донесуваат**
**исклучиво врз основа на тоа**
**кој ќе даде повеќе.**

**Во нашето судство нема корупција.**
**Ама, ако се договориме,**
**можам сешто да ви кажам на таа тема.**

**После извршување**
**на првостепената пресуда**
**осудениот нема пари**
**ниту жалба да напише.**

**Казнет е иако ширеше оптимизам.**
**Тврдеше дека ќе падне Владата.**

**Во право сте.**
**Меѓутоа, тоа право ние го толкуваме.**

**Не ја продаде душата на ѓаволот.**
**Немаше со што да тргува.**

**Оние на кои устата им е полна со земја**
**Претворуваат си во кал.**

**И крадците водат кампања**
**од врата на врата.**

**Среќата е убава само додека се чека.**
**А ние умираме од убавина.**

**Тој е човек од збор.**
**Веднаш знаевме**
**дека е од слаб материјал.**

**Потпишавме договор**
**за вечно пријателство со можност**
**да се продолжува секој месец.**

**Сите ги бараат воените злосторници.**
**Чесните никој не ги сака .**

**Шансите се на наша страна.**
**Искористените прилики на нивна.**

**Сега никој не ни забранува**
**да се изјаснуваме како Срби.**
**Само, немојте да не присилувате на тоа!**

**Проблем е во тоа што бродот кој тоне**
**не ги напушта патниците.**

**Би се симнале од сцената,**
**ама не смеат помеѓу народот.**

**Него можеш на раната да го преврзеш.**
**И веднаш да добиеш гангрена.**

**Медицината толку напредна**
**што сега луѓето умираат здрави.**

**Не отиде си во пропаст.**
**Има уште време.**

**Не се сеќавам на ништо.**
**Затоа што не сум злопамтило.**

**Дојде моментот на вистината.**
**За вистината се резервирани**
**само моменти.**

**Изборите се шанса партиите на власт**
**уште еднаш да ги сменат гласачите.**

**Јас сум за промени.**
**Човек сум за сите режими.**

**Ние Србите сме пример за целиот свет.**
**Како не треба да се работи.**

**Молчам цело време**
**бидејќи внимавам што зборувам.**

**Реков што имам. Сега немам ништо.**

**Јас сум финансиски генијалец.**
**Преживувам без пари.**

**Го убив човекот во себе.**
**И за тоа сум богато награден.**

**Нема да бидам на доживотна робија.**
**Добив виза.**

**Не сакав да се наведнувам.**
**Затоа ги видов сите ѕвезди.**

**Зошто пишувам афоризми?**
**Затоа што не можам да ги запомнам.**

**Пишувам афоризми затоа што после**
**си останувам без зборови.**

**Дојдете во Србија!**
**Ако ви е досаден животот.**

**Во земјата во која**
**е ограничена слободата на движење**
**сите одат наназад.**

**Србија не е зона на самракот.**
**Тука баш ништо не се гледа.**

**Луѓето ги делиме исклучително**
**на добри и лоши – Срби.**

**Не се срамам да кажам дека сум Србин.**
**Мене од ништо не ми е срам.**

**Не сум питач, туку собирам донации.**

**Косово е во Уставот на Србија.**
**Дали е уште некаде?**

**Од нашите грешки**
**другите извлекуваа поуки.**
**Ние ги извлекувавме загинатите.**

**Бев на гробишта.**
**Таму видов најмногу луѓе на свое место.**

**Вест на денот: Денес никој не е убиен!**

**Да не водевме братоубиствена војна,**
**немаше да знаеме дека сме браќа.**

**Ако само слогата го спасува Србинот,**
**тогаш ни нема спас!**

**Вистина е дека живееме си потешко,**
**ама затоа перспективите**
**ни се подобруваат.**

**Србија е парламентарна држава.**
**Сите одлуки за нашата земја**
**ги донесува американскиот Конгрес.**

**Кога само ќе замислам**
**дека ние бевме нечија светла иднина.**

**Не беше талкање.**
**Ние од почетокот тргнавме на**
**погрешен пат.**

**Не се возбудувајте!**
**Вашето паѓање е од минлив карактер.**

**Србија нема да стане**
**белградски пашалак.**
**Ќе биде темен вилает.**

**Бродот ни потона, ама не се грижиме.**
**Тоа се случи во нашите**
**територијални води.**

**Не дозволивме да не раздвојат ситници.**
**Затоа создадовме поголеми проблеми.**

**Кога ќе видам кој си ни помага,**
**си мислам: Господ нека ни е на помош!**

**Нашата соработка е гранитно цврста.**
**Не се свиткуваме дури ни кога**
**питачиме.**

**Се согласуваме на си.**
**Ама, до половина!**

**Сакам да воспоставиме односи**
**со големите сили.**
**Ама исклучиво врз база на полна**
**рамноправност.**

**Кој си оди по својот пат,**
**мора да се судри со нас.**

**Ние сме достоинствен народ.**
**Бираме од кого ќе питачиме.**

**Ги послужија со леб и сол.**
**Србите секогаш принесуваат**
**пред гостите си што имаат во куќа.**

**Ги почувствувавме промените.**
**На својата кожа.**

**Народот и понатаму се жали.**
**Само, сега е неоправдано незадоволен.**

**Изградивме општество на толеранција.**
**Граѓаните мирно**
**ја поднесуваат диктатурата.**

**Се скаравме за глупости.**
**Зборувавме за Владата.**

**Претседателот е експерт**
**за човекови права.**
**Техниката на неговото газење,**
**ја доведе до совршенство.**

**Новите избори**
**се шанса за мојата партија**
**пак да не влезе во Парламентот.**

**Народот е наше најголемо гајле.**
**Гајле ни е за него.**

**Кога ќе се обединиме**
**со Ирак и Либија...**
**Каква пустина ќе биде тоа!**

**Тој не е воен злосторник.**
**Многу нешта направи во мир.**

## *БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ*

*Александар Чотриќ е роден на 25 Септември 1966 година во Република Србија.*

*Од 1984 година објавува афоризми во НИН, „Политика“, „Вечерни новости“, „Данас“, „Книжевна реч“, „Студент“, НОН, „Београдско време“, „Ошишани Јеж“, „Младост“ и други списанија и весници.*

*Хумористично-сатирични приказни пишува од 2003 година.*

*Досега ги има објавено:*

*Ќе ви дадеме ние на вас демократија - 1993.*
*Петта колона - 1997*
*Недозволени мисли - 2000*
*Кратки резови – 2004*
*Афоризми – 2007*
*Приказни пред будење – 2007*

*Како коавтор ги има објавено:*
*Споменица на Дража – 1995*
*Собрани во расејување – 2002*

*Добитник е многу награди и признанија:*

*„Радоје Домановиќэ – 1993,*
*„Златна кацига“ – 1994,*
*„Живојин Павловиќ-Жикшон“ – 1993,*
*„Драгиша Кашиковиќ“ – 1995,*
*„Ошишани јеж“- 2003,*
*„Вибова награда“ – 2003,*
*„Јован Хаџи Костиќэ – 2006,*
*„Златна јабука“ -2007,*
*„Фестивал на црногорскиот хумор*
*и сатира“ – 2007,*
*„Миливоје Илиќ“ -2007, итн.*

*Застапен е во голем број антологии во Србија и во странство.*

*Неговите афоризми се преведени на англиски, полски, француски, словенечки, унгарски, шпански, македонски, руски, албански,словачки, чешки и бугарски јазик.*

*Член е на Белградскиот афористичарски клуб и член на Здружението на писатели на Србија.*

*По професија е дипломиран правник.*

*Живее и работи во Белград.*

*Повеќе за авторот на Интернет страницата: www.cotric.com*

## *ОД РЕЦЕНЗИЈАТА*

*Денес е тешко да си Чотриќ. Бидејќи Чотриќ е српски афористичарски бренд, а српскиот афоризам е перјаница на европскиот сатиричен афоризам. Товар кој тешко се носи и кој мора да се потврдува од афоризам во афоризам. Постојана битка со сопственото постоење и творење. А покрај тоа, да се оди во чекор со турбулентното време, полно со носталгија за убавината на живеењето.*

*А Чотриќ постојано не провоцира со сегашноста и минатото. Во судирот на концептот на создавање на мислата и реалноста, се раѓа оштра порака до сите оние кои ги создаваат проблемите – си гледаме, си знаеме. Не останува ниту еден сегмент од нашето битисување каде Чотриќ не се нурнува и на површината го исфрла јадот и чемерот народен. Под неговата остра коса како снопови паѓаат сите сомнителни авангарди, лидери, водачи, властољупци, воени злосторници и профитери... но напати во неговите афоризми се слизнува и обичниот Србин.*

*Мене и мојот сосед*
*само смртта може да не раздели.*
*Затоа и го убив.*

*Секој негов афоризам носи невиден и неочекуван пресврт , а сето тоа во исклучителна композиција, каде што до максимум се користат сите стилски средства. Ако бараме стилска определеност, ќе се најдеме во недоумица во кој жанр да навлеземе. Чотриќ исклучително добро ја познава српската политичка сцена, нејзините актери, го познава српскиот граѓанин и неговиот менталитет, но најважно е дека се познава и себеси и беспоштедно се нафрла на негативноста, мелејќи ја на нему својствен начин.*

*Најтешко е да се биде Србин во Србија,*
*затоа што треба да се живее со Србите.*

*Им се восхитувам на Турците.*
*Требаше со нас да издржат*
*полни пет века.*

*Ние сме горделив народ,*
*не се свиткуваме кога пиштачиме.*

*Но пораката на Чотриќевите афоризми е универзална и исполнета со љубов кон својот и своето. Само силната верба во она што треба да биде подобро е поттпора за раѓањето на секој афоризам оти негативностите, кога се борат меѓусебно, знаат да создадат клима за*

*`ртење на семето на радоста и страста за живеење. Да се сака сопствениот народ и сопствената нација, дава за право да се критикува си она што е негативно и што уназадува.*

*Во земја во која*
*е ограничена слободата на движење*
*сите одат наназад.*

*За наша среќа, тука е Чотриќ кој има неограничен радиус на мислење и талент плус за концизност и непредвидливост и со својата упорност и беспоштедност во работата, секогаш исфрлува нови контингенти на генијални сатирични мисли.*

*Среќна е Србија со Чотриќ, но несреќни се детектираните усложнувачи на нашето современо живеење.*

*Кога Србинот сака Србин,*
*тоа сериозно ги загрозува другите народи.*

*Дали е Чотриќ Србин?! Да – по раѓање.*
*Но и наш – по универзалноста на неговата мисла.*

*Васил Толевски*